Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 155/2024
27.12 2024 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА
## за Академската 2023/2024

Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје

*Декември 2024, Скопје*

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје |
| Седиште | Ул. 20 Октомври бр.8 / 2 кат, 1000 Скопје |
| Веб страница | www.isshs.edu.mk |
| Мисија и визија на установата | Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје (ИОХН-С) е непрофитна истражувачка организација за применети општествени и хуманистички науки посветена на повеќе-тематските студии на политиките. Има статус на научна установа во областите на општествените науки и хуманистиката доделен од Министерството за образование и наука на Република Македонија (Решение за работа бр. 30) Институтот е акредитиран да врши високообразовна дејност на ниво на магистерски студии нудејќи три програми: повеќе-тематски студии на политиките, студии на културата и родови студии. Институтот поседува Еразмус+ повелба која го прави дел од европските високообразовни установи (2016-2020).<br><br>Неговите основни активности се состојат од повеќе-тематски анализи од областа на студиите на политики, тренинзи и застапување поврзано со прашањата на политиките, а сето ова во продолжение на неговите основни истражувања од областа на општествените и хуманистичките науки. Видливоста на резултатите од анализите на политиките и нивното ставање во функција на позитивна општествена промена се, исто така, една од основните активности на Институтот: застапувањето и кампањите на подигање свест се неизоставен дел од секоја анализа на политиките спроведувана во Институтот. Нудиме и консултантства и дејствуваме како тинк-тенк од подрачјето на повеќе-тематските студии на политиките.<br><br>Основната дејност на Институтот се состои од спроведување применети истражувања од областите на општествените науки и хуманистиката. Посветени сме на тоа низ нашата работа да покажеме дека дихотомијата помеѓу теоријата и праксата е лажна доколку особината што ја определува работата е научната ригорозност и методолошката доследност. Уверени сме дека политичката и општествена теорија мора да биде поткрепена и оправдана со податоци но, исто така, и применлива. Затоа, политичките студии, општествената теорија и теориските опити во хуманистиката со кои се зафаќаме мора секогаш да бидат преобразени во студии на политики. Студиите на политики, пак, од своја страна, |

| | |
|---|---|
| | најчесто служат како појдовна точка во градењето нови теории, и тоа следејќи ја патеката: од конкретното кон апстрактното. Праксата и применливоста ја оправдуваат теоријата, а не обратно.<br><br>Мотото на Институтот „тројното А" (анализа, активизам, академија) е редефинирано во согласност со процесите опишани во ова Дополнение на програмската заложба. Па така, „тројното А" е дополнето со „тројно Д" (со поимите на англиски):<br>– (Democracy) Демократија сообразена со европската „двојна транзиција";<br>– (Digitalization) Дигитализација на образованието, економијата и владеењето;<br>– (Development) Развој по пат на иновација и општествена трансформација.<br><br>Пост-пандемиската ера во Европа ги забрза процесите на нејзина реконцептуализација на поимите на демократија, вклученост, општествено-економски развој и на нејзините темелни вредности и принципи во согласност со таканаречената „двојна транзиција," дигиталната и зелената. Европа, не сведувајќи ја исклучиво на Европската Унија, во центарот на своите напори за сеопшто закрепнување го стави потполното преобмислување на образовниот и истражувачки инфраструктурен и човечки потенцијал како главен двигател на економската и општествена одржливост но и напредок. Според речиси сите стратешки документи на ЕУ кои ја обележуваат пост-2020 ерата, поимите на демократија, општествена вклученост и економска добросостојба како и процесите на ЕУ интеграција мора радикално да се преобмислат сообразени со контекстот на „двојната транзиција." Образованието и науката (или иновацијата) не се само обични аспекти на споменатите стратегии туку нивната срцевина. ИОХН-С се заложува да се зафати со длабинска анализа на овие процеси разбрани како органска целина. но и со активно застапување и преобликување на својата образовна програма. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Приватна научна установа (NB според Статут и регистрација - непрофитна) |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | *Акредитација на установата:*<br><br>Решение бр. 30 од 24.11.2011 година<br>Решение за исполнетост на условите за запишување во Регистарот на субјекти за вршење на научно-истаржувачка дејност<br><br><br>Потврда за запишана високообразовна установа во Регистар на високообразовни установи<br><br><br>Решение за почеток со работа на студиската програма: |

| | |
|---|---|
| | Студии на политиките (Двегодишни)<br><br>Решение за почеток со работа на студиската програма: Студии на политиките (Едногодишни)<br>Решение за почеток со работа на студиската програма: Студии-на-културата<br><br>*Студиски програми на втор циклус на студии од претходниот циклус (2018-2023):*<br><br>Студии на политиките (едногодишни)<br><br>Студии на политиките (двегодишни)<br><br>Родови студии |
| Број на вработени лица избрани во наставно- научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | 11 (5 се вработени со полно работно време, 1 е вработен со скратено работно време, значи вкупно 6 вработени, и останатите 5 лица се вработени во други но неакадемски установи, така што ИОХН-С им е матична установа во однос и на звањата и на академски ангажман кој е на принцип на договор на дело). |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Студии на политиките (едногодишни):<br>Студии на политиките (двегодишни):<br>Родови студии: |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Од научна установа, чија прва дејност се применети научни истражувања, и која се фокусира на студии на политики, благодарение на стратешки fund-raising постигнавме финансиска одржливост во изминатите 13 години од нашето постоење. Акредитираните студии, согласно нашата филозофија на одржливост која минимално ќе ги обременува студентите, успејаа, заедно со консултантските проекти, да постигнеме самоодржливост која ни овозможува како поддршка на проекти во областа на фундаменталните научни истражувања, така и во смисла на организирање меѓународни настани на систематичен начин - заедно со Аризона државниот универзитет, Технички универзитет Виена и Ајндховен академијата за дизајн (поточно оддели на овие универзитети) формиравме платформа која постојано креира дигитална програма како и меѓународни летни школи и симпозиуму под името CMP (дел од нашате Меѓународна истражувачка единица, што не е буквално оддел во институционална смисла ами долготрајна програма, креирана од стрна на Одборот на основачи). Во рамки на оваа програма како и благодарение на журналот Идентитети кој има објавувано текстови од имиња како Џудит Батлер и Славој Жижек до Томас Наил и Франсоа Ларуел, секогаш (и) на англиски (покрај повремените двојазични |

| | |
|---|---|
| | изданија, англиско-македонски), ја одржува видливоста на нашата академска сцена на меѓународно ниво. |
| . . Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | - Самоодржливост и покрај зацисноста од грантови<br>- Постојана интернационализација на нашата работа, и со тоа промоција на македонската научна сцена<br>- Мобилност и флексибилност на тимот<br>– Органска тимска соработка, кадешто секој придонесува како во академскиот така и во административниот дел од активностите (секако онолку колку овозможуваат капацитетите)<br>- Малиот број постдипломци ни овозможува постојана и спонтана комуникација со студентите кои се изложени на меѓународната академска сцена по пат на нашите академски настани, што им овозможува вмреженост и лесен пристап до европските центри за продлжување на студиите по дипломирањето кај нас.<br>- Надгледните средства на настава, кои се пред се ИТ алатки, пристапот до литература, постојано се надградува и е достапен за сите, како истражувачи така и студенти без финансиски надомест.<br>- Нашиот тим е постојано вклучен во истражувачки проекти во кои произведува наоди и пишува на англиски и е изложен на постојан peer-review (формален и неформален) од колегите со кои соработува.<br>- Тимската работа, и тимскиот само-надзор (self-monitoring) е наша филозофија што покажува поголема продуктивност од придржувањето до класичните хиерархии на институционално организирање.<br>- Инфраструктурно, од квадратура по стдуент до ИТ и други средства за настава и истражување, Институтот во потполност ги има исполентост сите услови според правилниците на Наввионалниот совет и АКВО. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | – Интернационализација<br>- Видливост како за академската така и пошироката јавност<br>- Мониторинг на квалитетот на истражувачкиот процес<br>- Достапност до студентите, за менторски процес на поддршка во кариерен развој<br>- Ажурирање на својата програма за да се усогласи со регионалните, евроските и со тоа националните новини во општествениот и економски контекст, кои се сведуваат првенствено на ерата на двојанта транзиција и ЕРА агендата 2030,сообразени со 2030 Агендата на ОН. |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | - Зајакнување на самоодржливоста со поголема независност од грантови<br>- Со оглед на тоа дека сме непрофитна установа, потребна е инвентивност во избирањето на моделот на самоодржливост.<br>- Привлекување на студенти од дома и странство и тоа првенствено од Европа бидејќи таквиот интерес е веќе докажан - ни отсуствува решение за бројните административни пречки кои ги обесхрабруваат овие потенцијални студенти кои најќесто чекаат и по година за нострификација (веќе имаме два примери на студенти кои се откажаа од овие причини, од |

| | |
|---|---|
| | Белград и Италија). Потребно е да се најде решение за ова а за таа цел ќе бараме совет и поддршака од МОН во изнаоѓање на решението. |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна. |
| ИОХН-С има усвоено документ на политики на обезбедување квалитет во високото образование и наука, согласно Правилникот на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност составен врз основа на член 43 став 2 алинеа 8 и 51 став 4 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18). Актот на политики за обезбедување квалитет е објавен на интернет страницата на Установата и може да се види на овој линк а е приложен и во овој документ на самоевалуација [Прилог бр. 1.1.А - Актот]. Тој документ се надградува на три претходни документи кои се однесуваат на обезбедување квалитет во 1) научно-истражувачката работа, 2) институционалното функционирање во смисла на процедури и координација, 3) носење одлуки за подобрување на квалитетот на тимската работа, како во делот на истражувањата и координацијата во организациска смисла, така и во делот на планирање на идните проекти и нивното изготвување. Во овие претходни документи, внатрешен и надворешен процес на peer review се предвидени за сите овие три категории на обезбедување квалитет (документите се достапни во Архивите на Институтот, бидејќи се дел од документацијата на нашиот 10-годишен институционален грант на ОСИФЕ, а и овде го доставуваме како Прилог бр. 1.1.Б Образецот за обезбедување квалитет.) | |
| **Прилози:**<br><br>1.1.А. <u>**Акт на политики за обезбедување квалитет во научно-образовниот процес**</u><br>1.1.Б. <u>**Образец за спроведување на квалитет**</u> | |
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.); Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |
| Освен повратната информација од студентите и кадарот, добиена преку евалуациските формулари кои се достапни online и чија структура може да се види од Прилог бр. 1.2.А и Прилог бр. 1.2.Б.., и кои се пополнуваат во вториот дел на семестарот или учебната година, зависно од предметот, Установата има и други механизми на обезбедување квалитет како и подобрување на квалитетот на образовниот процес.<br><br>Постојна консултација на клучните документи на Европската високообразовна област која во облик на повеќе анализи на политики (дел од нив објавени и на веб страницата на Институтот), ги надградува усвоените стилови на настава првенствено со промовирањето на учеството во истражувачки процеси со што се поттикнува креативност и учење насочено кон развој на научно-истражувачките капацитети согласно целите на ERA 2030. Дел од овие анализи на документи се достапни и како објавени полиси документи на веб страницата на Институтот, Прилог 1.2.В. Претставник на Институтот беше ангажиран од страна на МОН во периодот 2021-2022 да ги проучи сите европски | |

| |
|---|
| политики и да обезбеди анализа за нивна примена што е одразено во Матриксот усвоен од Секторот во 2022, а постои зип-фолдер на анализи според кои се раководиме, и кој го линкуваме овде преку Dropbox.<br><br>Прилозите 1.2.А. и 1.2.Б. се обрасците на прашалниците за евалуација кои ги користиме во наставата.<br><br>Како што споменавме, освен евалуациските формулари и интернационализацијата во контекст на неформални напредни образовни содржини (центрирани на оригинални истражувања) како алатка на унапредување, осовременување и држење чекори со светските прогресивни трендови во образованието, Институтот има матрица на постојан мониторинг на квалитетот на научно-истражувачката програма (Прилог 1.2.Г.) во кој се прави поврзување меѓу иновацијата (во истражувачка смисла) и иновативни наставни методи. За последново, во контекст на меѓународна соработка и поддршка, ИОХН-С изработи методологија за унапредување и осовременување на наставно-истражувачкиот процес во контекст на својата регионална средина и на ниво на држава (Прилог 1.2.Г.) Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности, кој вклучува како настани релевантни за настава така и редовни консултации за внатрешен мониторинг на квалитет (види прилог 1.2.Г). |
| **Прилози:**<br>1.2.А. Евалуација на студиските програми од страна на студентите<br>1.2.Б. Евалуација на Академски кадар<br>1.2.В. Draft Report on North Macedonia<br>1.2.Г. Образец за спроведување на квалитет |

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

| |
|---|
| Студентите се редовно поканувани и поттикнувани активно да учествуваат на бројните академски настани што ги организира Институтот, а комуникацијата се одвива првенствено по пат на email и повици објавувани на сајтот. Не користиме IT заднински домени за комуникација и координација бидејќи групите се навистина мали, и дури и со две до три акредитирани програми, бројот на студенти не надминува вкупно 15 (најчесто и помалку). Затоа, пак, нашите покани се честопати и со директна комуникација со поединечни студенти кои ги поттикнуваме согласно нивните подрачја на професионален и академски интерес, а фактот дека сме запознаени со нив, и имаме активна и директна комуникација и со поединечните студенти говори за тоа дека комуникацијата и координацијата е во голема мера органска, редовна и непосредна. Истото важи и за координацијата со членовите на нашиот ННС на кои Институтот им е матична установа, со оглед на тоа дека се тука избрани во звање, а нивните вработувања се во неакадемски установи. Овие членови на ННС се честопати вклучени во проекти, Еразмус мобилности и проектни соработки и сите заедно функционираме како еден тим кој одлучува и промислува за одлуките на хоризонтално ниво на колегијална и меѓучовечка квалитетна комуникација. Исто така, евалуацијата на наставниот процес од страна на студентите е дополнителен начин за нивна вклученост во процесот, што се однесува на развојот и унапредувањето на квалитетот на образованието што го нуди Институтот. |
| **Прилози:**<br>**1.3.А. Етички кодекс на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**<br>**1.3.Б. Образец за спроведување на квалитет**<br>**1.3.В Димитар Илчов Евалуација на проектите од страна на студентите**<br>**1.3.Г. Драган Симоновски Евалуација на проектите од страна на студентите**<br>**1.3.Д. Марија Шишовска Трајковска Евалуација на проектите од страна на студентите** |

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

| |
|---|
| Телото за обезбедување квалитет е сочинето од Претседателката на ННС, професор емеритус Дона Колар Панов, проф. д-р. Викторија Боровска и проф. д-р Катерина Колозова. (Одлука за назначување на Советот за обезбедување квалитет). |

| | |
|---|---|
| Должности на Телото за обезбедување квалитет:<br>1) Проверка на материјалите подготвени за седниците на ННС<br>2) Изготвување насоки за тимовите на истражувачи да обезбедат внатрешна (евентуално надворешна рецензија (peer review) на резултатите и нацрт студијата чии наоди треба да се публикуваат. Насоките зависат од природата на истражувањето, па така тие варираат во облик на матриците кои се произведуваат за секој истражувачки и проектен продукт.<br>3) Раководење со квартални средби на обезбедување мониторинг на квалитет и изготвување на матриците кои телото ги користи за следење и нотирање прогрес. Средбите по повод ННС вообичаено се користат за да се изврши и оваа проверка.<br>4) Телото бара информации и ги анализира но не наметнува избор на peer-reviewers (неформална рецензија на колеги), бидејќи тој избор произлегува од експертизата на истражувачите, па предлозите од најмалку три имиња кои ќе бидат поканети доаѓаат од тимовите. Поканата за изведба на внатрешен или надворешен peer review ја упатува Програмскиот директор на Институтот.<br>- Индикатор: Установата редовно ги анализира документите за квалитетот на работата на институцијата | |
| **Прилози:**<br>**1.4.А. <u>Одлука за формирање на тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување на квалитет</u>**<br>**1.4.Б. <u>Образец за спроведување на квалитет</u>** | |
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години; Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |
| Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации.<br>Сумарните извештаи од прашалниците секогаш вклучуваат и статистичка информација, како за бројот на одговорени прашања така и за прашањата за кои треба да се преземат дејствија за да се подобрат состојбите, или да се унапредат можностите.<br>Мониторингот на квалитет, најчесто организиран според проекти е сеопфатен и за различни проекти се назначуваат различни одговорни за надзор на квалитетот на научно-истражувачкиот како и наставниот процес. | |
| **Прилози:**<br>**1.5.А. <u>Сумарен извештај од евалуацијата на студентите на студиските програми понудени од ИОХН-С (2019-2020)</u>**<br>**1.5.Б. <u>Сумарен извештај од евалуацијата на студентите на студиските програми понудени од ИОХНС (2021-2022)</u>**<br>**1.5.В. <u>Сумарен извештај од евалуација на студентите на студиските програми понудени од ИОХН-С (2022-2023)</u>**<br>**1.5.Г. <u>Сумарен извештај од спроведена само-евалуација на кадарот (2019 - 2020)</u>**<br>**1.3.Д. <u>Сумарен извештај од спроведена само-евалуација на кадарот (2021-2022)</u>**<br>**1.3.Г. <u>Сумарен извештај од спроведена само-евалуација на кадарот (2022-2023)</u>**<br>**1.5.Е. <u>Акциски план</u>** | |
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран. | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период; Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |
| *За Институтот нема спроведено надворешна евалуација од страна на Агенцијата за квалитет на високото образование на Република Северна Македонија.* | |
| **Прилози:**<br>**1.6.А. <u>Образец за спроведување на квалитет</u>** | |

| 1.6.Б. Акциски план |
|---|
| |

Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| Институтот за општествени и хуманистички науки Скопје во својот склоп има научно-наставен совет (ННС) кое е одговорно тело за носење на акти и одлуки во поглед на образовните програми. Работата на советот е прикажана во статутот на Институтот и во Деловникот за начинот на работа и одлучување на научниот совет на Институтот. Одлуките од советот со кои се започнува подготовската на студиските програми се прикажани во одлуките на Советот: Одлука за реакредитација на последипломските студии, студии на политиките (едногодишни и двегодишни) и студии на културата (едногодишни) на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје;<br>Акти во кои се регулирани правилата и упатствата на запишување на студенти и правилата на студирање се прикажани во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, Упатство за студирање на втор циклус студии (едногодишни и двегодишни постдипломски студии) на Институтот за општествени и хуманистички науки, Скопје. Исто така,ова се уредува и преку одлуката за распоредот на работни задачи на студиските програми<br>Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии, како и Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од прв, втор и трет циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование. | |
| **Прилози:**<br>**2.1.А. <u>Статут на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**<br>**2.1.Б. <u>Деловник на начинот на работа и одлучување на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**<br>**2.1.В. <u>Правилник за студирање втор циклус студии ИОХН-Скопје</u>**<br>**2.1.Г. <u>Упатство за студирање втор циклус студии ИОХН-Скопје</u>**<br>**2.1.Д. <u>Одлука за Распоред на работни задачи на студиските програми</u>** | |
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

За исполнување на целите и резултатите од образовниот процес на Институтот за општествени и хуманистички науки Скопје од 2012 година располага со акредитации на програми од втор циклус студии (Студии на културата и студии на политиките). Преку овие програми студентите во целост ги постигнуваат целите на програмите и ги постигнуваат резултатите од учењето, со што се оформуваат високостручни кадри од областа на студии на политиките, студии на културата. Од пописот на понудените предметни програми евидентно е дека истите се високоспецијализирани, добро структурирани и актуелни. Програмите, согласно општите и специфичните дескриптори на квалификации, нудат доволна база и надградба на знаењата за нивна ефикасна примена на пазарот на трудот. Пазарот на трудот има потреба од специјалисти од оваа област бидејќи во Северна Македонија не постои можност од академска и професионална квалификација во рамки на програма од овие области. Студиите на политиките (policy studies) се интердисциплинарно подрачје особено релевантно во современото општество каде што планирањето на управувањето на процесите, од институционално ниво до ниво на компании и невладини организации се одвива во термини на „креирање политики". Студиите на културата нудат прилагодување на уметниците и авторите од областа на културата да одговорат на предизвиците на новата ера: развојот на креативните индустрии, учество во технолошкиот и комуникацискиот развој што вештините на разните уметности може да го помогна, учество во индустриите на дигиталната ера кадешто е потребна уметничка способност (gaming индустријата), и она што е најважно – итниот развој на креативните индустрии, во кои С. Македонија заостанува назад, не само зад ЕУ туку и зад остатокот од регионот.

Студиските програми, предметните програми како и листите со предмети (задолжителни, методолошки и изборни) можат да се најдат на линковите во прилозите. Високиот процент на вработеност и напредување во кариерата на веќе вработените студенти/постдипломци е индикатор за резултатите и потребата од на студиските програми.

**Прилози:**

**2.2.А. Елаборат за акредитација на студиската програма - Студии на политиките (Едногодишни)**
**2.2.Б. Елаборат за акредитација на студиската програма - Студии на политиките (Двегодишни)**
**2.2.В. Елаборат за акредитација на студиската програма - Студии на културата**
**2.2.Г. Рецензија (Peer review) на студиската програма „Студии на културата" од страна на проф.д-р. Даша Духачек**
**2.2.Д. Опис на предметите: Студии на политиките (едногодишни и двегодишни)**
**2.2.Ѓ. Опис на предметите: Студии на културата**

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки. |

Во програмите кои се реакредитираат, врските со новите пазари на трудот како социјално претприемништво, креативни индустрии, политики во ера на дигитално општество и претприемништво се земени предвид и вклучени во предложените наставни програми и содржини. Самата област на образованието, особено високото образование и научната дејност, се централен дел на Кластерот 3 на реформите на кои е обврзана земјата со цел самата научна иновација да стане двигател на економскиот развој, Ова е преточено во Агендата 2030 на Европа со која се усогласени и нашите инвестициски приоритети, за кои постои веќе обезбедена ЕУ поддршка. Со други зборови високото образование и напредните иновации, кои во центарот ја ставаат длабоката интеграција на општествено-хуманистичките науки и STEAM, како неопходни за технолошко-економска компетитивност, како според економските приоритети на ЕУ така и на С.Македонија како земја кандидатка. Во оваа смисла, Европската високообразовна област и Европската истражувачка област стануваат главни двигатели на Долгорочната економска и општествена агенда на Двојната транзиција.

Целата програма е усогласена со приоритетите на Европскиот простор на високото образование, кои се пак усогласени со милениумските цели 2030 и Новата европска истражувачка област (Era, или New ERA) и нејзините стратешки цели за периодот 2030. Затоа, во фокусот на програмата е трансформацијата на општествените процеси што се наметнува со т.н. транзиција близначка (дигитална и зелена) која ги проникува сите сектори и за која е особено централен секторот на Европската високообразовна област (EHEA). EHEA е клучна за трансформацијата на Европа во „економија базирана на знаење и иновација" за што е битна димензијата на наука и иновација во ВО установи, според ERA 2030. Во центарот на овие процеси е промовирањето на интердисциплинарноста и улогата на општествените науки и хуманистиката во разбирањето на новата стварност на т.н. дигитална демократија. На овој линк се наоѓаат сите стратешки документи поврзани со погоре презентираното: https://education.ec.europa.eu/about-eea/strategic-

framework#:~:text=The%20European%20Education%20Area%20strategic,achievement%20of%20their%20collective%20vision.

Самата програма што овде ја предлагаме се труди да ги адресира токму овие приоритети наведени од Европската високообразовна област (или простор, како што е наведено овде, резимиран цитат/парафраза од сајтот на Унијата на тема цели на ЕНЕА):1) Зајакнување на европската димензија на високото образование и научно истражувачка дејност, со тоа што научната иновација станува двигател на глобалната економска компетитивност на Европа, примена на водечките иницијативи кои имаат за цел да станат видлив израз на европскиот приод, поткрепени со соодветна финансиска помош, за да им помогнат на високообразовните установ да градат мостови на транснационална соработка на повисоко ниво. 2) Зајакнување на високообразовните установи (ВОУ) како чинители на промените во двојната зелена и дигитална транзиција, 3) зајакнување на улогата на ВОУ како глобални лидери, 4) европската високообразовна област да стане атрактивна глобална дестинација за образование, истражување и иновација. "

Изборот на теми во предметите, балансот на проблематика меѓу изборните предмети и проникувачките теми на дигитална демократија, европска зелена агенда и тесната врска меѓу научното истражување и процесот на учење и настава се во срцето на концептот на оваа програма, како и на секоја програма што би ја понудил нашиот Институт со оглед на тоа што европските политики на мултипроблемски план, меѓу кои и вискообразовните, се централна научно-истражувачка преокупација на нашата ВОУ. Како илустрација: European Commission, Directorate-General for Research and Innovation, A new ERA for research and innovation : staff working document, Publications Office, 2020, https://data.europa.eu/doi/10.2777/605834, Council Resolution on a strategic framework for European cooperation in education and training towards the European Education Area and beyond (2021-2030) 2021/C 66/01 (OJ C, C/66, 26.02.2021, p. 1, CELEX: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:32021G0226(01)) и European Commission, Directorate-General for Research and Innovation, The new European Research Area, Publications Office of the European Union, 2021, https://data.europa.eu/doi/10.2777/2736

**Прилози:**

**2.3.А. <u>„Застапување за инклузивен развој“ (научно истражувачки проект, насочени кон примена, развој на политики и со димензија на иновација вп наставните програми и стилови)</u>**

**2.3.Б. <u>„Демократски институции или дали и колку европските темелни вредности се вградени во функционирањето на јавниот сектор?“ (научно истражувачки проект, насочени кон примена, развој на политики)</u>**

**2.3.В <u>Образование насочено кон иновација во ерата на „транзицијата близначка“: Фокус на Југоисточна Европа (научно истражувачки проект, насочени кон примена, развој на политики и со димензија на иновација вп наставните програми и стилови)</u>**

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

Последните две реакредитирани програми: Студии на културата и студии на политиките (едногодишни и двегодишни) беа работени во соработка со надворешни соработници и во консултација со студентите. Конкретно, студиската програма, Студии на културата беше работена во соработка со универзитети од регионот и во рамките на работата на меѓународниот проект (ЕИДЕ) соработка во високото образование, Еразмус плус стратешко планирање. Станува збор за двегодишен проект во соработка со: Универзитетот Климент Охридски од Софија, Универзитетот Пантеион од Атина и Универзитетот Сингидунум од Белград. Во проектот покрај професорите, учествуваа и студентите од овие четири високообразовни институции. За оваа програма располагаме и со рецензија од меѓународно етаблираната професорка Даша Духачек. Студенти од овие четири високообразовни институции беа присутни на настаните на кои беа активно вклучени со идеи во поглед на изработката на кулиркулумот по студии на културата.

**Прилози:**

**2.4.А. Образование насочено кон иновација во ерата на „транзицијата близначка“: Фокус на Југоисточна Европа**
**2.4.Б. Развој на образовни политики во Високото образование**
**2.4.В. Идеи од страна на студентите за унапредување на силабусот за студиската програма - Студии на културата**
**2.4.Г. Учество на студентите во School of Materialist Research (SMR)**
**2.4.Д. Учество на студентите во работилницата за развивање на нова методологија за градење на наставни нови програми „Економијата во ера на автоматизиран труд: европски перспективи, интердисциплинарна методологија на приближување кон наставните содржини што се однесуваат на економијата и дигитализацијата.“**

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

Како што беше објаснето и во претходниот дел, изработката на курикулумот на Студиите на културата беше во целост работен со помош на меѓународна експертиза. Овој проект Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје го спроведе во партнерство со Универзитетот Климент Охридски (Софија, Бугарија), Пантеон универзитетот (Атина, Грција) Факултетот за медиуми и комуникација на Универзитетот Сингидунум (Белград, Србија). Проектот се фокусира на дигиталната демократија и инклузивност, економија заснована на иновации и способност за транспонирање на академското знаење на анализа на политики и застапување, како интегративна интердисциплинарност помеѓу SSH и STEM со цел ефикасно справување со климатските вонредни состојби преку општествени промени. Студиската програма, Студии на политиките е работена од страна на наставниот кадар на институтот, но во согласност со европските заложби за двојната транзиција (зелена агенда и дигитализација).

**Прилози:**
**2.5.А. Елаборат за акредитација на студиската програма - Студии на политиките (Едногодишни)**
**2.5.Б. Елаборат за акредитација на студиската програма - Студии на политиките (Двегодишни)**
**2.5.В. Елаборат за акредитација на студиската програма - Студии на културата**
**2.5.Г. Листа на присутни експерти “Innovation-oriented Education in the Era of the ‘Twin Transition’: Focus on Southeast Europe”**
**2.5.Д. Образование насочено кон иновација во ерата на „транзицијата близначка“: Фокус на Југоисточна Европа**
**2.5.Ѓ Идеи од страна на студентите за унапредување на силабусот за студиската програма - Студии на културата**

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

Во студиските програми јасно се дефинирани целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и оптовареност на студентите. Во Правилникот на Институтот за определување, пресметување на кредити (ЕКТС) и преминот од

| |
|---|
| една на друга студиска програма односно од една на друга високообразовна установа, јасно се прикажани правилата за определување и пресметување на кредити, според Болоњскиот ЕКТС систем, како и начинот на преминување од една на друга студиска про-грама на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје, прифаќањето на студенти од други високообразовни институции, како и за премин на други високообразовни институции. Вклучително, Елаборатите на наставните програми јасно прикажуваат на кој начин се распределени активностите од студентите во поглед на секој силабус/наставен предмет. Во институтот 1 ЕКТС предвидува оптовареност од 25 работни часови на студентот.<br>Исто така, студентите директно имаат можност да учествуваат во истражувачките проекти на ИОХН- Скопје од областа на студиите на култура и студиите на политиките, со што се обезбедува пракса во рамките на двете студиски области и тоа секоја академска година во последниот квартал од годината. Времетраењето за секој студент се распределува во период од 2 работни недели. Практичниот дел се однесува на учество во истражувачки проекти (квалитативни и квантитативни). Практичната работа на студентите се реализираат заемно со вежбите. Доколку студентите поради одредени причини не се присутни на определните часови за вежби во последниот квартал и пракса се определува нов период за реализација на праксата. |
| **Прилози:**<br><br>**2.6.А. Правилник за определување, пресметување на кредити (ЕКТС) и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга високо образовна институција**<br>**2.6.А. Елаборат за акредитација на студиската програма - Студии на политиките (Едногодишни)**<br>**2.6.Б. Елаборат за акредитација на студиската програма - Студии на политиките (Двегодишни)**<br>**2.6.В. Елаборат за акредитација на студиската програма - Студии на културата**<br>**2.6.Г. Учество на наши студенти во изработката на „Анализите на родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во забавните програми на радиодифузерите 2022"** |

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[1] |
| Информациите за студиските програми се објавени на официјалната веб страница на Институтот:<br>https://www.isshs.edu.mk/studiski-programi/magisterski-studii-na-kulturata/?lang=mk<br>https://www.isshs.edu.mk/studiski-programi/magisterski-studii-na-politiki/?lang=mk | |
| **Прилози:**<br><br>**2.7.А. Студии на политиукиte (едногодишни и двегодишни)**<br>**2.7.Б. Студии на културата** | |
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| Студиските програми на Институтот со секоја нова реакредитација се ревидираат. Институтот располага со сите претходни и нови верзии на елаборатите за акредитација. На сајтот на институтот се прикачени последните и важечки верзии од акредитираните програми, но претходните верзии се зачувани со цел по потреба да може да се проверат програмите кои важеле. Ревидирањето на програмите најчесто се прават врз основа на новите текови и потреби на предизвиците на новата ера и современиот општествен контекст. На пример, Студиите на политиките (policy studies) | |

[1] Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| |
|---|
| |
| се интердисциплинарно подрачје особено релевантно во современото општество, каде што планирањето на управувањето на процесите, од институционално ниво до ниво на компании и невладини организации се одвива во термини на „креирање политики." Програмата Студии на културата нуди прилагодување на уметниците и авторите од областа на културата да одговорат на предизвиците на стварноста: развојот на креативните индустрии, учество во технонолошкиот и комуникациски развој што вештините на разните уметности може да го помогнат, учество во индустриите на дигиталната ера кадешто е потребна уметничка способност (gaming индустријата) и она што е најважно – итниот развој на креативните индустрии. |
| **Прилози:**<br><br>**2.8.А. <u>Елаборат за акредитација на студиската програма - Студии на политиките (Едногодишни)</u>**<br>**2.8.Б. <u>Елаборат за акредитација на студиската програма - Студии на политиките (Двегодишни)</u>**<br>**2.8.В. <u>Елаборат за акредитација на студиската програма - Студии на културата</u>**<br>**2.8.А. <u>Студии на политиуките (едногодишни и двегодишни)</u>**<br>**2.8.Б. <u>Студии на културата</u>** |

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |
| За секој запишан студент се води електронско досие каде се регистрираат сите податоци за студентот. Поради заштита на податоците овие информации не се изложени за јавноста, но можат да се прикажат за увид при образложена проверка од страна на државните институции. Во поглед на напуштање на студиите, тоа е ретка појава, но причините се најчесто приватни. Поради тоа што станува збор за постдипломци, возрасни лица, најчесто вработени, како причини за напуштањето на студиите или направена подолга пауза, се наведуваат: професионални обврски, патување (преселба), ново родителство, здравствени причини и сл. Во последните 5 години процентот на студенти кои најавиле напуштање на студиите е: 2024 година 11%, 2023 година 11%, 2022 14 година 14 %, 2021 година нема откажани, 2020 година 23%. | |
| **Прилози:**<br><br>**2.9.А. <u>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии</u>**<br>**2.9.Б. <u>Список на членови на Алумни заедницата на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**<br>**2.9.В. <u>Податоци за вкупниот број на студенти кои студираат на сите години на Институтот за општествени и хуманистички науки, Скопје, на студии на студиските програми кои се предмет на увид: Студии на политиките (едногодишни и двегодишни)</u>**<br>**2.9.Г. <u>Податоци за вкупниот број на студенти кои студираат на сите годни на Институтот за општествени и хуманистички науки, Скопје, на студии на студиските програми кои се предмет на увид: Студии на културата</u>** | |

**Стандард 3**

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на наставата на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |
| Установата има развиено механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин кој се мотивираат студентите да земат активно учество. Овој стандард е одразен во програмските акти кои јасно изразуваат проактивен однос кон студентите и нивно вклучување во сите академски и научно-истражувачки проекти, што Институтот го прави редовно, овозможувајќи им изложеност на меѓународен академски контекст со оглед на природата на поголемиот дел | |

од нашите проекти. Пример за таква вклученост е учеството на нашите студенти во рамки на проектот во рамки на Еразмус КА 220 програмата со наслов „Образование насочено кон иновација во ерата на „транзицијата близначка": Фокус на Југоисточна Европа". Овој проект Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје го спроведе во партнерство со Универзитетот Климент Охридски (Софија, Бугарија), Пантеон универзитетот (Атина, Грција) Факултетот за медиуми и комуникација (Белград, Србија). Проектот се фокусира на дигиталната демократија и инклузивност, економија заснована на иновации и способност за транспонирање на академското знаење на анализа на политики и застапување. Интегративна интердисциплинарност помеѓу SSH и STEM со цел ефикасно справување со климатските вонредни состојби преку општествени промени. Нашите студенти учествуваа на работилници, предавања и затворени консултации во рамки на проектот. (Пример на еден вид работилница во рамки на овој проект можете да најдете тука)

**Прилози:**
**3.1.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**
**3.1.Б. Упатство за студирање на посдипломските студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби. Институтот изнајмува дополнителни простории за студентите со посебни потреби за пристап и дозволува флексибилен приод како дополнителни менторски сесии, колаборативен процес на настава-учење, лесна достапност на наставниот кадар, останувајќи комплетно посветен и флексибилен за посебните потреби на студентот, вклучително и специфичните академски и професионални интереси. Институцијата е мала, мобилна и комуникацијата е често директна и исклучително лесна да се воспостави. Што се однесува до моделите за реализација на наставата како и примената на на новите методи, Институтот континуирано им овозможува на своите студенти да земат активно учество не само во научно-истражувачките проекти кои ги реализира Институтот туку и да земат проактивно учество во внатрешните обуки за користење на нови научно-истражувачки методи и дигитални алатки. Дел од нашите постдипломци кои веќе го поминале курсот за SPSS организиран од Институтот земаат активно учество во статистички обработки на податоци користени во научно истражувачките проекти на Институтот (пр. „Влијанието на демографските фактори врз учеството на граѓаните во јавниот живот и едукација на гласачите во Северна Македонија" и „Анализите на родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во забавните програми на радиодифузерите 2022"). Воедно на студентите им е овозможено непречено учество во семинарите организирани од страна на School of materialist Research во кој Институтот е еден од основачите. Овие семинари посебно компонентата Intensive Study Course им овозможува на нашите студенти пристап до курсеви на едни од најпроминентните имиња од науката како и дополнителни ЕКТС кредити. Ова е само дел од веќе достапните курсеви организирани во рамки на оваа иницијатива:

1.Thomas Nail- Materialism and Lucre□us, достапно на htps://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Courses-Spring-2022-Call-for-Enrolment
2. Giuseppe Longo - The Radical Materiality of Life, достапно на htps://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Courses-Spring-2022-Call-for-Enrolment
3. Cary Wolfe - Ecological Poe□cs: Crea□ve/Cri□cal Prac□ces in Art and Philosophy, достапно на htps://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Courses-Spring-2022-Call-for-Enrolment
4. AbdouMaliq Simone - Re-arrangements as Method, достапно на htps://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Courses-Spring-2022-Call-for-Enrolment
5. Paul Cockshot (with guest lecturer Ke□ Chukhrov)- Seminars on Materialism and Computa□on, достапно на htps://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Courses-Spring-2022-Call-for-Enrolment
6. Achille Mbembe - Theory in □me of Pandemic, достапно на htps://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Courses-Fall-2021
7. Amanda Beech - Realism A□er Crisis. The Artwork as Cri□que, достапно на htps://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Courses-Fall-2021

8. Paul Cockshot - Marx, materialism, mathematics, and computing, достапно на https://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Courses-Fall-2021
9. Anne-Françoise Schmid, Joevenn Neo & Tony Yanick - What to do with the concrete? Dynamics and Fixations in Philosophy, Science and Art, достапно на https://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Courses-Fall-2021
10. Katerina Kolozova & Thomas Nail - Marx, materialism and movement beyond anthropocentrism and Hegelianism, достапно на https://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Courses-Fall-2021
11. Julia Kristeva with Miglena Nikolchina - Survival of the Human in the Flux of Language, достапно на https://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Program-Fall-Winter-2022-23
12. Patricia Reed - Planetary Spatiality: Figuring Embeddedness in Structures of Entanglement, достапно на https://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Program-Fall-Winter-2022-23
13. Thomas Nail - The Philosophy of Mater, Death, and Extinction, достапно на https://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Program-Fall-Winter-2022-23
14. AbdouMaliq Simone - Black Urbanism: Life at the Extensions, достапно на https://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Program-Fall-Winter-2022-23
15. Patricia MacCormack - Fuck the Anthropocene or Activism for the End of the Anthropocene, достапно на https://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Program-Fall-Winter-2022-23
16. Paul Reynolds - Thinking a Marxist Approach to Sex and Sexuality, достапно на https://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Program-Fall-Winter-2022-23
17. Agon Hamza - Reading Hegel (Centered on the newly co-authored book by Agon Hamza, Slavoj Žižek and Frank Ruda), достапно на https://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Program-Fall-Winter-2022-23
18. Adam Nocek and Joanna Zylinska - AI and Madness, достапно на https://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Program-Fall-Winter-2022-23
19. Bogna Konior - Angels, AIs, Cyberfeminism, достапно на https://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Program-Fall-Winter-2022-23
20. Daniel Saciloto - Materialism and Eschatology: A Genealogy of Modern Thanatropism, достапно на https://schoolofmaterialistresearch.org/Intensive-Study-Program-Fall-Winter-2022-23

**Прилози:**

**3.2.1. Упатство за студирање на посдипломските студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.; Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости; Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Установата врши редовно адаптација на начините на изведување на наставата. Студентите се редовно поканувани да учествуваат во истражувачки проекти, за нивните академски производи (трудови и испитни проекти), студии на случај и се редовно вклучени покрај другите форми на квалитативно и квантитативно истражување како механизам на учење. Повеќето од проектите кои ги изведува Институтот се веќе со вклучени студии на случај во кој студентите редовно партиципираат, а потоа се прави streamlining овој процес да се вклучи во севкупната рамка на нивното академско напредување. Во рамките на секоја студиска програма јавно и транспарентно се објавени општите и специфичните дескриптори. За секоја студиска програма се елаборирани целите, компетенциите, вештините кои треба да ги обезбеди, начинот на кој го остварува истото (каде посебен е фокусот на пристапите кои обезбедуваат и интерактивно учење насочено кон студентот). Во елаборатите на студиските програми предвидени се посебни начини на фокусираност на наставата кон интерактивно учење, како и пристап на учењето кој е фокусиран на студентот, развојот на неговоите вештини и компетенции . Ваквиот пристап е својствен за секоја студиска програма во рамки на постдипломските студии на ИОХН, Скопје.

**Прилози:**

**3.3.А. Упатство за студирање на посдипломските студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**

**3.3.Б. Елаборат за акредитација на студиската програма од втор циклус студии - Студии на политиките (едногодишни)**

**3.3.В. Елаборат за акредитација на студиската програма од втор циклус студии - Студии на политиките (двегодишни)**
**3.3.Г. Елаборат за акредитација на студиската програма од втор циклус студии - Студии на културата**
**3.3.Д. Елаборат за акредитација на студиската програма од втор циклус студии - Родови студии**

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Иновативноста и индивидуалниот пристап на наставникот во оценувањето се силно охрабрени така што се прифаќаат бројни модели, од семинарски до практични трудови (изработка на брифови, полиси извештаи и сл.) кои се впрочем неизоставен елемент на еден од задолжителните предмети и комбинација на изготвување труд и практикување на вештините на истражувачко и академски форматирано истражување со усна одбрана на трудот, аргументација повеќе одошто испрашување во тесна и традиционална смисла на зборот.

**Прилози:**
**3.4.А. Упатство за студирање на посдипломските студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**
**3.4.Б. Елаборат за акредитација на студиската програма од втор циклус студии - Студии на политиките (едногодишни)**
**3.4.В. Елаборат за акредитација на студиската програма од втор циклус студии - Студии на политиките (двегодишни)**
**3.4.Г. Елаборат за акредитација на студиската програма од втор циклус студии - Студии на културата**
**3.4.Д. Елаборат за акредитација на студиската програма од втор циклус студии - Родови студии**

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Критериумите за оценување и методите на вреднување на студентите, се однапред објавени и познати и истите се достапни на веб страната на Институтот за општествени и хуманистички науки Скопје. Истите се достапни во документите „Упатство за студирање на постдипломските студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје" и „ Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје". Воедно овие критериуми и методи можат јасно да се видат и во достапните Елаборати за акредитација за програмите од втор циклус на студии по предметите „Студии на политиките" (едногодишни), „Студии на политиките (двегодишни)", „Родови студии" и „Студии на културата"

**Прилози:**
**3.5.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**
**3.5.Б. Упатство за студирање на посдипломските студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**
**3.5.В. Елаборат за акредитација на студиската програма од втор циклус студии - Студии на политиките (едногодишни)**
**3.5.Г. Елаборат за акредитација на студиската програма од втор циклус студии - Студии на политиките (двегодишни)**
**3.5.Д. Елаборат за акредитација на студиската програма од втор циклус студии - Студии на културата**
**3.5.Ѓ. Елаборат за акредитација на студиската програма од втор циклус студии - Родови студии**

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

| | |
|---|---|
| Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | |
| А. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето и истото се спроведува доследно и праведно за сите студенти во согласност со постојаните процедури. Оценувањето во рамки на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје се врши по јасно утврдени правила и стандарди рефлектирани во Упатството и правилникот за студирање на Институтот. Кај секоја студиска програма јавно и транспарентно се презентирани начините на оценување на студентите кои овозможуваат да се демонстрира нивниот степен на постигнати резултати. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Што се однесува до советите за понатамошниот процес на учење, студентите добиваат повратни информации во неколку фази. На почеток, професорите даваат повратна информација за избраната тема на семинарската работа. Потоа, студентите добиваат насоки и корекции за тезите поврзани со темата. Во текот на изработката на тезите, професорите активно ги поддржуваат студентите со дополнителни насоки и корекции. Завршената семинарска работа се предава на професорот, по кое професорите обезбедуваат повратна информација преку електронска пошта или консултации. При полагањето на испитот, студентите добиваат дополнителна повратна информација покрај презентирањето и објаснувањето на семинарската работа. Резултатите од испитот се соопштуваат веднаш по завршувањето, особено ако испитот е усен. Доколку испитот е писмен, резултатите се објавуваат електронски, неколку дена подоцна. Студентите имаат право на увид или консултации за дополнителни насоки како да го подобрат своето учење. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите и истите можат да се видат во приложените подолу Елаборати за акредитација за секоја од студиските програми од втор циклус на студии. Пример за предмети каде што оценувањето се одвива од повеќе испитувачи е методолошкиот модул преку кој професорите од методолошкиот модул заеднички го спроведуваат оценувањето на елаборатот за магистерски труд. Писмената изработка за овој модул се оценува од аспект на методологија и истражувачки методи, од аспект на академско пишување и од аспект на епистемологија и теорија. | |
| **Прилози:** | |
| **3.6.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**<br>**3.6.Б. Упатство за студирање на посдипломските студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**<br>**3.6.В. Елаборат за акредитација на студиската програма од втор циклус студии - Студии на политиките (едногодишни)**<br>**3.6.Г. Елаборат за акредитација на студиската програма од втор циклус студии - Студии на политиките (двегодишни)**<br>**3.6.Д. Елаборат за акредитација на студиската програма од втор циклус студии - Студии на културата**<br>**3.6.Ѓ. Елаборат за акредитација на студиската програма од втор циклус студии - Родови студии** | |
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција<br>во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени<br>жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |
| Самиот договор за упис упатува на правото на жалба и поплака од страна на студентите, но постојат исто така и разговори и интервјуа со академскиот координатор и неговите блиски соработници кои се најефикасната форма на взаемно изнаоѓање решение на проблем. Досега ниеден студент нема поднесено жалба ниту пријава на корупција. | |
| **Прилози:** | |
| **3.7.А. Етички кодекс на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**<br>**3.7.Б. Упатство за студирање на посдипломските студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје** | |

**Стандард 4**

| **СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ** | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето; Линк до веб страна на објавата. |

Со оглед на прецизно и детално утврдените национални прописи, Институтот има изготвено документи и пракса кои ги одразуваат овие: прописи за уписи, дипломирање и сертификати: додатокот на диплома се издава редовно на англиски јазик, како и на официјалниот јазик на државата, дипломите се изготвени според обрасците пропишани од државата, како и сите транскрипти вклучително и серитфкати за учество во неформалните облици на учење комбинирано со истражување.
Пред започнување на наставата, студентите добираат примерок од Упатството и Правилникот за студирање на студиите од втор циклус на Институтот за општествени и хуманистички науки, Скопје.
Исто така, околу процесот на студирање и сите фази на студирањето, пред почетокот на наставата, студентите се повикуваат на т.н. ориентациска средба каде што академскиот координатор го презентира целокупниот процес на студирање. На овие средби, студентите имаат можност да дискутираат и поставуваат прашања. Овој процес не завршува само на оваа средба туку и трае во текот на целата академска година.

Дипломата, како официјален документ за завршено образование, редовно се издава и на англиски јазик, покрај официјалниот јазик на државата, со цел да се овозможи меѓународна валидност и признавање. Овој процес е важен за академската мобилност и за пристап до професионални можности на глобално ниво. Дополнително, додатокот на диплома содржи детални информации за постигнатите резултати и квалификации, како и за програмата на студии која била завршена.

Институтот исто така обезбедува издавање на транскрипти на студентите, кои го документираат нивниот академски напредок и резултати, а истите се изготвуваат со цел да бидат прифатени од сите академски и професионални институции. Понатаму, во рамките на процесот на неформално учење, Институтот издава сертификати за учество во различни обуки, работилници и други форми на неформално образование комбинирано со истражувачки активности. Овие сертификати се признати како официјален доказ за стекнати вештини и знаења, кои се од особена важност за развојот на кариерата на студентите и учесниците во овие програми.

Со ова, Институтот обезбедува високо ниво на транспарентност и усогласеност со државните прописи, додека истовремено ја поддржува меѓународната конкурентност и мобилност на своите дипломирани студенти.

**Прилози:**
**4.1.А. <u>Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**
**4.1.Б. <u>Упатство за студирање на постдипломските студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**

| | |
|---|---|
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот; Доказ дека системот е функционален. |

Следењето на напредувањето на студентите се одвива по пат на алатките на евалуација, фидбек кој се бара секои 4 месеци по пат на групни мејлови и со индивидуализиран пристап кон студентите кои се охрабрени сами да известуваат за пречките во нивното напредување. Ова е повеќе пракса и култура на институцијата одошто бирократски механизам бидејќи овозможува индивидуализиран пристап.

Следењето на напредувањето на студентите се спроведува преку различни алатки за евалуација, кои вклучуваат редовен фидбек од наставниците и соработниците. Студентите се охрабруваат да доставуваат повратни информации на секои 4 месеци, преку групни мејлови, но и преку индивидуализиран пристап кој им овозможува на

студентите да се чувствуваат поддржани и слушнати во своето академско патување. Во оваа рамка, студентите имаат можност да известат за пречките што ги срекаваат во своето напредување, што им дава можност за навремена интервенција и решавање на потенцијалните проблеми.

Оваа пракса не претставува само формален механизам за следење на академскиот напредок, туку е составен дел од културата на институцијата, која поставува акцент на индивидуализираниот пристап. Институтот ги поттикнува студентите да бидат активни учесници во процесот на своето учење и напредување, што создава отворена и поддржувачка академска средина. Наместо да се третира како бирократски процес, следењето на напредокот е динамичен и флексибилен начин на комуникација помеѓу студентите и наставниот кадар, кој овозможува навремени корекции, адаптации и персонализирани решенија за секој студент.

Овој индивидуализиран пристап е особено важен, бидејќи ги зема предвид различните потреби и стилови на учење на студентите, создавајќи атмосфера на доверба и соработка. Културата на редовно и отворено комуницирање помеѓу студентите и наставниците го подобрува не само напредувањето на студентите, туку и нивната мотивација, што резултира со поголема посветеност и успех во академската работа.

**Прилози:**
4.2 А. Образец за спроведување на квалитет
4.2.Б. Евалуација на студиските програми од страна на студентите

| | |
|---|---|
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето; Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |

Институцијата ги применува правилата на ЕНИК/НАРИК, сопствените правилници и Прирачникот на Еразмус во признавањето на периодите на студирање во странство како и Еразмус документот на политики објавен на сајтот на Институтот.

Институцијата ги применува сите релевантни правила и стандарди поставени од страна на Европската мрежа на институции за признавање (ЕНИК) и Националната агенција за признавање и информација за квалификации (НАРИК), како и сопствените внатрешни правилници и процедури. Преку овие правилници, Институтот ја обезбедува транспарентноста и усогласеноста на процесите на признавање на периодите на студирање во странство, гарантирајќи дека студентите кои учествуваат во програми за мобилност како Еразмус, ќе имаат целосно признати академски кредити и резултати.

Особено важен е Прирачникот на Еразмус, кој го следи Институтот во сите аспекти на студентската мобилност, од планирање до финализирање на студиските престои во странство. Овој прирачник обезбедува јасни насоки за студентите во процесот на подготовка, престој и ги појаснува постапките за признание на стекнатите кредити и квалификации по враќањето. Вклучувањето на овој прирачник во секојдневната практика на Институтот е потврда за посветеноста на институцијата кон обезбедување високи стандарди за студентска мобилност.

Покрај тоа, Институтот го објавува и Еразмус документот на политики на својот сајт, кој детално ја опишува стратегијата и политиките поврзани со меѓународната мобилност, вклучувајќи ги правата и обврските на студентите, како и начините на кои се следат и признаваат резултатите од мобилностите. Оваа стратегија е дизајнирана да ги поддржи студентите во нивниот академски развој и да обезбеди дека искуствата стекнати во странство се интегрирани во нивните академски програми. Институтот посветува особено внимание на континуирано подобрување на овие процеси, така што студентите имаат најдобри можности за развој и зајакнување на своето образовно искуство преку меѓународни програми. Со примена на овие стандардни правила и процедури, Институтот не само што ги усогласува своите активности со европските и националните регулативи, туку и ја зајакнува својата позиција како институција која активно придонесува кон меѓународната мобилност и интеграција на своите студенти на глобалната академска сцена.

**Прилози:**

| | |
|---|---|
| **4.3.А. Правилник за определување, пресметување на кредити (ЕКТС) и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга високо образовна институција**<br>**4.3.Б. Листа на студенти на кои им е прознаено неформалното и формално учење, вклучувајќи и за време на мобилноста во последните 5 години** | |
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии.<br>Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |
| По завршувањето на студиите, студентите добиваат серија официјални документи кои ги потврдуваат нивните академски постигнувања и стекнати квалификации. Првиот документ што го добиваат е рецензентскиот извештај од комисијата за одбрана на магистерскиот труд. Рецензентските извешти од комисиите се објавуваат на веб страницата на институтот. На денот на одбраната на магистерскиот труд студентите добиваат Записник од одбраната и одлука од одбраната. Потоа на студентите кои магистрирале им се издава потврда со стекнатите оцени и кредити, која ја потврдува успешноста на студентот во текот на студиите, вклучувајќи ги и сите завршни испити и барања на програмата. Потврдата со оцени е особено важен при поднесување на апликации за понатамошни студии или при барање работа, бидејќи обезбедува детални информации за академските резултати на студентот.<br>Покрај ова, студентите добиваат и уверение за стекнат степен на образование, што јасно ја дефинира нивната академска квалификација и ниво на образованието што го постигнале.<br>Дополнително, студентите на постдипломските студии можат да добијат и транскрипт кој ги содржи сите стекнати оцени и кредити, што е клучен документ за понатамошни академски или професионални активности. Овој транскрипт се издава и во текот на студиите, за потребите на студентите (номинација и аплицирање на студенти за мобилности). Исто така го добиваат и студентите кои поради одредени причини не го завршиле целосно процесот на студирање, но имаат положени испити и стекнати кредити.<br><br>На крајот, по успешно завршување на студиите, студентите ја добиваат и дипломата, која е официјален документ кој ја потврдува нивната академска квалификација, односно стекнатиот степен на образование. Заедно со дипломата, се издава и додаток на дипломата, кој дава дополнителни информации за програмата на студии, бројот на кредити, како и за сите специфични академски активности што студентот ги реализирал за време на студиите. | |
| **Прилози:**<br>**4.4.А. Диплома - Студии на политиките (едногодишни и двегодишни)**<br>**4.4.Б. Диплома - Студии на културата**<br>**4.4.В. Диплома - Родови студии**<br>**4.4.Г. Додадок на диплома - Студии на политиките (едногодишни)**<br>**4.4.Д. Додадок на диплома - Студии на политиките (двегодишни)**<br>**4.4.Ѓ. Додадок на диплома - Студии на културата**<br>**4.4.Е. Додадок на диплома - Родови студии**<br>**4.4.Ж. Записник од одбрана на магистерски труд**<br>**4.4.З. Одлука за одбранет магистерски труд**<br>**4.4.Ѕ. Уверение за завршен втор циклус студии**<br>**4.4.И. Потврда со оцени транскрипт** | |

**Стандард 5**

| **СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[2]** | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |

[2] Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Институтот за општествени и хуманистички науки Скопје располага со компетентен и соодветен наставен кадар за реализација на студиските програми. Во прилог се биографиите на наставниот кадар како и одлуките за избор во звање (последни 5 години).

**Прилози:**

**5.1.Б. Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии**

**5.1.А: Биографии во EUROPASS и одлуки за избор во звање на наставниот кадар (подолу во табелата)**

| Име и презиме | CV - Europass | Одлука за избор во звање |
|---|---|---|
| **Катерина Колозова** | **Катерина Колозова Europass** | **Катерина Колозова - Одлука** |
| Магдолна (Дона) Колар - Пановска | **Магдолна (Дона) Колар - Панов Europass** | **Магдолна (Дона) Колар - Панов - Одлука** |
| **Викторија Боровска** | **Викторија Боровска Europass** | **Викторија Боровска - Одлука** |
| **Калина Лечевска** | **Калина Лечевска Europass** | **Калина Лечевска - Одлука** |
| **Ана Блажева** | **Ана Блажева Europass** | **Ана Блажева - Одлука** |
| **Здравко Савески** | **Здравко Савески Europass** | **Здравко Савески - Одлука** |
| **Гордан Георгиев** | **Гордан Георгиев Europass** | **Гордан Георгиев - Одлука** |
| **Тихомир Топузовски** | **Тихомир Топузовски Europass** | **Тихомир Топузовски - Одлука** |
| **Ристо Карајков** | **Ристо Карајков Europass** | **Ристо Карајков - Одлука** |
| **Ирена Цветковиќ** | **Ирена Цветковиќ Europass** | **Ирена Цветковиќ - Одлука** |
| **Ристо Алексовски** | **Ристо Алексовски Europass** | **Ристо Алексовски - Одлука** |

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје со гордост истакнува дека во изминатите пет години неговиот научен кадар бележи значителен напредок во објавувањето научни трудови во реномирани меѓународни списанија, како во земјата така и во странство. Овие трудови, кои се одликуваат со високо ниво на квалитет и иновативна содржина, претставуваат значаен придонес кон развојот на општествените и хуманистичките науки. Преку нив, не само што се популаризираат авторите на овие дела, туку исто така се подигнува нивото на целокупната македонска научна сцена.

Особен акцент во најновите истражувања на наставниот кадар е ставен на развивање на политики кои промовираат длабока интеграција помеѓу општествените и хуманистичките науки (SSH) и науките од областа на технологијата, инженерството и математиката (STEM). Оваа интердисциплинарна пристапност има за цел да создаде нови, иновативни решенија за комплексните предизвици со кои се соочува модерното општество.

| | |
|---|---|
| Деталните информации за конкретните научни трудови и нивниот придонес може да се најдат во приложениот список, достапен во депот за прилози. | |
| **Прилози:**<br>**5.2.А <u>Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научни публикации во последните 5 години</u>**<br>**5.2.Б. <u>Блажева Ана, Листа на трудови ЗВО</u>**<br>**5.2.В. <u>Боровска Викторија, Листа на трудови ЗВО</u>**<br>**5.2.Г. <u>Георгиев Гордан, Листа на трудови ЗВО</u>**<br>**5.2.Д. <u>Карајков Ристо, Листа на трудови ЗВО</u>**<br>**5.2.Ѓ. <u>Колар Панов Магдолна, Листа на трудови ЗВО</u>**<br>**5.2.Е. <u>Колозова Катерина, Листа на трудови ЗВО</u>**<br>**5.2.Ж. <u>Лечевска Калина, Листа на трудови ЗВО</u>**<br>**5.2.З. <u>Савески Здравко, Листа на трудови ЗВО</u>**<br>**5.2.S. <u>Топузовски Тихомир, Листа на трудови ЗВО</u>**<br>**5.2.И. <u>Цветковиќ Ирена, Листа на трудови ЗВО</u>** | |
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО[3].;<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |
| Како научна установа, која се фокусира на избран мал број студенти на постдипломско ниво, и има за цел да ја поттикне истражувачко-претприемничката димензија кај студентите, уписите на сите програми вкупно се сведуваат на најмногу 15 студенти. Со оглед на бројот на кадарот и неговиот квалитет (кадешто соодносот наставник-студент е речиси 1:1) сметаме дека балансот е соодветно поставен и секако во согласност со стандардите на АКВО и националните акти според кои работи АКВО. | |
| **Прилози:**<br>**5.3.А. <u>Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии</u>**<br>**5.3.Б. <u>Одлука за Распоред на работни задачи на студиските програми</u>** | |
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

[3] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| |
|---|
| Наставниот кадар е вработуван преку праведен и трансапрентен однос и се базира на докажан квалитет во научноистражувачката работа а таквото звање овозможува и наставен еквивалент. Секој ангажиран наставник кој е ангажиран со договор на дело претходно имал искуство во друга високообразовна установа. На сите овие лица, ИОХН-С им е матична установа, а се ангажирани со договор на дело по нивен избор бидејќи веќе имаат вработување во јавниот или граѓанскиот сектор. Важно е да се подвлече дека на секој член на Советот кој има наставно звање му е понудено вработување преку Агенцијата а договорот на дело е нивна преференца. Ова е сепак логично со оглед на обемот на работа на постдипломските кој е само 15-20% од активноста на институтот која е пред сè научно-истражувачка, фокусирана на применети истражувања и балансирана со фундаментални истражувања. |
| **Прилози:**<br>**5.4.А. <u>Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања на ИОХН-Скопје</u>**<br>**5.4.Б. <u>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања</u>**<br>**5.4..В. <u>Одлуки за избор во звање</u>** |

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

| |
|---|
| Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје има воспоставено детална постапка за обезбедување на оптимални работни услови за наставниот кадар, со цел да се поттикне нивната продуктивност и академски развој. Наставниците имаат пристап до современа информатичка опрема, која редовно се ажурира за да ги задоволи најновите технолошки стандарди. Дополнително, Институтот обезбедува пристап до голем број релевантни електронски бази на податоци и научни ресурси, што овозможува непречен пристап до најновите истражувања и публикации во областа на општествените и хуманистичките науки.<br>Просторните услови се внимателно дизајнирани за да ги задоволат потребите на наставниот кадар, со обезбедени опремени канцеларии, модерна предавална и сала за состаноци. Овие простории се снабдени со сите неопходни алатки и материјали за успешно изведување на наставата и истражувањата. Покрај тоа, Институтот инвестира во дополнителни ресурси, како што се библиотечни колекции, услови за истражување и поддршка од административниот персонал, со цел да го олесни секојдневното функционирање и да обезбеди висококвалитетна академска средина. |
| **Прилози:**<br>**6.2.А. <u>Податоци за просторот со кој располага Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**<br>**6.2.Б. <u>Податоци за опремата со кој располага Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**<br>**6.2.В. <u>Податоци за литературата со кој располага Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>** |

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на |

| | |
|---|---|
| | проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Како што е објаснето во програмата за работа и акцискиот план, целиот наставно-научен и соработнички кадар (ННС) е активно вклучен во различни проекти, тренинзи и обуки насочени кон подигање на квалитетот на наставната и истражувачката работа. Повеќето од проектите кои ги спроведува Институтот се меѓународни, што овозможува вклучување на членовите на ННС во глобални академски и истражувачки иницијативи. Секој член на ННС е поканет да учествува во овие проекти, а речиси сите членови биле вклучени барем во еден проект, обука или работилница секоја година.

Дополнително, членовите на ННС се охрабруваат да ги искористат можностите што ги нуди програмата Еразмус за мобилност. Преку оваа програма, тие имаат можност да учествуваат во академски размени, истражувачки престои и обуки на реномирани универзитети и институции низ Европа. Ова не само што придонесува за нивниот професионален развој, туку и го збогатува нивното искуство и знаење, кое потоа го применуваат во својата работа на Институтот.

Покрај тоа, учеството во меѓународни проекти и програми за мобилност овозможува создавање и зајакнување на мрежи на соработка со други истражувачки институции, што придонесува за подобрување на квалитетот на наставата и истражувањата на Институтот. Овие активности ја поттикнуваат интернационализацијата на Институтот и ја зголемуваат неговата видливост и влијание на меѓународната академска сцена.

**Прилози:**
**5.6.А. ПРАВИЛНИК за систематизација на работните места во Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје**
**5.6.Б. Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања на ИОХН-Скопје**
**5.6.В. Акт на политики за обезбедување квалитет во научно-образовниот процес**
**5.6.Г. Акциски план 2023-2026**
**5.6.Д. Катерина Колозова Europass, Магдолна (Дона) Колар - Панов Europass, Викторија Боровска Europass, Калина Лечевска Europass, Ана Блажева Europass, Здравко Савески Europass, Гордан Георгиев Europass, Тихомир Топузовски Europass, Ристо Карајков Europass, Ирена Цветковиќ Europass, Ристо Алексовски Europass**

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Визитинг професорите на Институтот се меѓународно признати имиња од САД, Велика Британија, Холандија, Србија, Словенија и бројни други земји и биле активно вклучени во активности на Институтот и придонеле за промоција на нови знаења преку јавни предавања, работилници и сл. Визитинг професорите и нивните биографии можат да се видат на сајтот на институтот: https://www.isshs.edu.mk/team-member/

**Прилози:**
**5.7.А. Визитинг професори на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**

| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
|---|---|

Од последните 10 истражувачки проекти, над 50% се меѓународни со регионална димензија на фокусот, потоа следуваат регионални проекти, а околу 30% се локални или национални. Оваа распределба ја рефлектира посветеноста на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје кон интеграција на истражувачките активности во пошироките меѓународни и регионални рамки. Списокот на проектите од изминатите пет години јасно ја покажува оваа тенденција, истакнувајќи ги успесите на Институтот во соработката со различни партнери на меѓународно ниво.

Сепак, постои потреба за понатамошно продлабочување на меѓународната димензија на истражувањата. Ова може да се постигне преку активирање и зајакнување на мрежата на истражувачки установи за студии на политики од Југоисточна Европа (ЈИЕ), која е иницирана од страна на Институтот. Активирањето на оваа мрежа ќе овозможи поголема размена на знаења и искуства, како и соработка на истражувачите во заеднички проекти од регионално и глобално значење.

Преку оваа мрежа, Институтот може да ја зајакне својата улога како клучен играч во формулирањето на регионални политики и решавање на заедничките предизвици со кои се соочуваат земјите од ЈИЕ. Понатаму, ваквата иницијатива ќе го поттикне развојот на нови истражувачки проекти со интердисциплинарен пристап, кои ќе вклучуваат и локални и меѓународни партнери, придонесувајќи кон поголема интеграција и видливост на научната работа на Институтот на глобално ниво.

**Прилози:**
**5.8.А. <u>Листа на истражувачки проекти на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**

| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |
|---|---|

Во ИОХН-С е користат напредни дигитални истражувачки хабови и мобилни алатки кои значително го олеснуваат споделувањето на литература, напредокот во истражувањата и соработката помеѓу истражувачите. Овие алатки овозможуваат брза и ефикасна размена на информации, со што се зајакнува истражувачкиот процес и се подобрува квалитетот на научната работа.

Еден од примерите е ЕИДЕ Дигиталната алатка (https://www.eidedigitaltool.org/), која е интегрирана платформа за управување со истражувања и споделувања на резултати. Исто така, платформата „Застапување за инклузивен развој" (https://cluster3edu.org/) обезбедува ресурси и алатки за поддршка на инклузивни иницијативи и истражувања.

Кампањата #Деполаризирајсе (https://shorturl.at/nzgda) е уште еден значаен пример кој ја користи дигиталната технологија за промовирање на социјална кохезија и борба против поларизацијата. Иницијативата „Твојата приказна" (https://shorturl.at/h8smy) обезбедува платформа за споделување лични искуства и приказни, поттикнувајќи го дијалогот и размената на перспективи.

Овие алатки не само што го подобруваат истражувачкиот процес, туку исто така овозможуваат поголема достапност и видливост на истражувањата, создавајќи поврзана и интерактивна научна заедница.

**Прилози:**
**5.9.А. <u>ЕИДЕ дигитална алатка</u>**
**5.9.Б. <u>Застапување за инклузивен развој</u>**
**5.9.В. <u>#Деполаризирајсе</u>**

| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |
|---|---|

Според Етичкиот кодекс и Упатството за студирање на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, не се дозволува никаква форма на плагијат или фалсификат. Проверката на семинарските и магистерските трудови за плагијат се извршува преку системот за проверка на плагијати на Министерството за образование и наука на

Република Северна Македонија. Извештајот добиен од овој систем се архивира во студентското досие. Доколку извештајот покаже позитивен резултат за плагијат, студентот се соочува со дисциплинска постапка.

**Прилози:**

**5.10.А. Етички кодекс на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје**

**5.10.Б. Упатство за студирање втор циклус студии ИОХН-Скопје**

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа. Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Како што е објаснето во програмата и во Стандард 1, поттикнувањето на научната работа е клучен елемент во зајакнувањето на поврзаноста меѓу наставата и науката. Оваа интеграција е дизајнирана да обезбеди синергија помеѓу теоретските и практичните аспекти на образованието, што резултира со подобро разбирање и примена на научните принципи во наставниот процес.

Системот за поттикнување на научната работа е внимателно структуриран и ефикасно функционира, претставувајќи го основниот принцип на функционирање на институцијата. Оваа филозофија се одразува во секој аспект на наставниот процес, каде што научните истражувања се активно интегрирани во наставните програми, овозможувајќи им на студентите да имаат пристап до најновите научни откритија и методологии.

Праксата на Институтот подразбира континуирана поддршка за научноистражувачките активности на наставниот кадар, преку обезбедување на ресурси, обуки и можности за професионален развој. Овој пристап не само што ја подобрува наставната работа, туку исто така ја поттикнува и креативноста и иновативноста кај студентите, кои се охрабруваат активно да учествуваат во истражувачки проекти и да придонесуваат кон развојот на научната заедница.

**Прилози:**

**5.11.А. Акт на политики за обезбедување квалитет во научно-образовниот процес**

**5.11.Б. Научна програма 2023-2026**

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо- економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки |

Вклученоста на наставно-научниот и соработнички кадар на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје во меѓународни, билатерални и национални проекти ја демонстрира нивната посветеност кон научноистражувачката работа која е тесно усогласена со локалните, регионалните и националните развојни цели. Ова учество овозможува размена на знаења и искуства, како и развивање на партнерства со водечки академски и истражувачки институции, што дополнително го зајакнува квалитетот на научните истражувања и нивното влијание врз заедницата.

Дополнителна потврда за квалитетот на научноистражувачката работа на наставниците и соработниците на Институтот се и бројните објавени трудови во референтни научни публикации. Овие трудови, кои се објавени во престижни меѓународни списанија и конференции, не само што ја потврдуваат нивната стручност, туку и ја промовираат научната дејност на Институтот на глобално ниво. Овие истражувања имаат значаен придонес кон актуелните научни дискурси и ја поддржуваат примената на резултатите во реални општествени контексти, што е од суштинско значење за одржливиот развој и напредок на општеството.

Дел од проектите во кои учество земаат нашиот наставно-научен и соработнички кадар:

- Преку деполаризација до демократски, стабилни и вклучувачки институции: Придонес на граѓанското општество. (Опис на проектот: Деполаризација на јавниот дискурс на тема „демократски институции" со фокус на усогласување на јавната администрација не само со Acquis-то туку и со Европската повелба на темелните права, попрецизно - членот 41 (правото на добра администрација која го става во центар Граѓанинот)

| |
|---|
| - „Враќање на кредибилитетот на ЕУ и европскиот консензус во граѓанското општество во Северна Македонија" (Опис на проектот: Проценка на состојбата во граѓанското општество, неговата посветеност на интеграцијата во ЕУ и одредување на неговиот степен на поларизација во моментот кога земјата формално преговара, но во неизвесност. Истражување направено преку деск анализа, анкета и фокус групи.)<br>- Образование насочено кон иновација во ерата на „транзицијата близначка": Фокус на Југоисточна Европа (Опис на проектот: Фокус на дигиталната демократија и инклузивност, економија заснована на иновации и способност за транспонирање на академското знаење на анализа на политики и застапување. Интегративна интердисциплинарн ост помеѓу SSH и STEM со цел ефикасно справување со климатските вонредни состојби преку општествени промени)<br>- Анализи на родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите (Опис на проектот: Анализа на постоечките родови проблеми во забавните емисии во 2022)<br>- Образование за Европа: Иновации во наставните курикулуми за следната генерација креатори на политики во Западен Балкан (Идентификување на состојбата на работите, проценка на потребите и препораки за подобрување на наставните програми на високообразовните институции во Западен Балкан, со фокус на формалното високо образование, а не само на обуките за вештини и другите видови неформално образование)<br>- Дигитализацијата како пат на вистинска администрација ориентирана кон граѓаните: Децентрализација на процесите како средства за забрзана и ефективна реформа (Сеопфатна анализа на целокупниот пристап на владата кон целосна административна дигитализација со цел за препораки за политики што ќе го забрзаат процесот и ќе го направат поефикасен)<br><br>Целосната листа можете да ја погледнете на следниот линк |
| **Прилози:**<br>**5.12.А. Листа на проекти на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје** |

**Стандард 6**

| **СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ** | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |
| Како приватна непрофитна научна установа, ИОХН-С првенствено со занимава со истражувања од областа на применетите како и фундаментални истражувања за што обезбедува фондови по пат на грантови, а еден помал процент, наменет првенствено за фундаменталните истражувања го финансира од сопствени средства кои се стекнати најчесто од консултантските истражувања на институтот кои во последните пет години беа сосем доволни (СДЦ - годишен преглед на општествениот контекст, ФНП дигитализација на администрацијата, КтК - родови студии за невладиниот сектор, МНР на Франција - образовни политики од облата на управувањето и доброто владеење, и други). Листата на проекти е подолга и прикачена како документ. Овие средства обезбедуваат научно истражувачки контекст во кој студентите се стекнуваат со практични знаења, ги градат и подобруваат своите истражувачки вештини, и им е овозможен меѓународен контекст за размена во живо, но и онлајн. Секој од овие проекти има сопствена веб и мобилна алатка за ресурси и размена во кои студентите се вклучени. Институтот постојано ги обновува своите ИТ и други наставни ресурски благодарение на фактот дека повеќето од проектите не само што овозможуваат туку и охрабруваат обнова на опремата. Што се однесува до просториите, со оглед на фактот дека бројот на студенти е просечно 10 годишно, просториите со кои се располага се дополнуваат со повремени изнајмувања (на пример во Музеј на современа уметност), за дополнителни услови или достапност за студентите со предизвици. - Наставниците користат визуелни нагледни средства power point презентации, визуелизации на податоци, инсерти од филмови и зум врски со интервјуа со меѓународно истакнати академски имиња за што Институтот е подготвен потполно како во смисла на технички ресурси така и во смисла на вештините на сопствениот кадар. Студентите се охрабрени да учат | |

| |
|---|
| програмирање, исто како и наставниот кадар што помага во обработката на истражувачките податоци што е интегрален дел и на наставата (поточно учењето) како што веќе беше објаснето. Сите овие материјали се, исто така, споделени со сите студенти потполно бесплатно. |
| **Прилози:**<br>**6.1.А. <u>Финансиски план на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**<br>**6.1.Б. <u>Финансиски извештај 2022</u>**<br>**6.1.В. <u>Финансиски извештај 2021</u>**<br>**6.1.Г. <u>Финансиски извештај 2020</u>**<br>**6.1.Д. <u>Финансиски извештај 2019</u>**<br>**6.1.Ѓ. <u>Финансиски извештај 2018</u>**<br>**6.1.Е. <u>Одлука на основачи МИЕ</u>** |

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

| |
|---|
| Како што беше веќе истакнато, Институтот постојано ги обновува своите ИТ и други наставни ресурски благодарение на фактот дека повеќето од проектите не само што овозможуваат туку и охрабруваат обнова на опремата. Што се однесува до просториите, со оглед на фактот дека бројот на студенти е просечно 10 годишно, просториите со кои се располага се дополнуваат со повремени изнајмувања (на пример во Музеј на современа уметност), за дополнителни услови или достапност за студентите со предизвици. Исто така, за потребите како на професори така и на студенти со посебни потреби, штом ќе се утврди потребата, се соработува со МСУ, но и Europe House за овозможување достапни простории. Оваа пракса е од 2020 година, а претходно се изнајмуваа достапни простории во Алгоритам центар и дополнителни простории на улица Васил Ѓоргов 28, Скопје.<br>- Наставниците користат визуелни нагледни средства power point презентации, визуелизации на податоци, инсерти од филмови и зум врски со интервјуа со меѓународно истакнати академски имиња за што Институтот е подготвен потполно како во смисла на технички ресурси така и во смисла на вештините на сопствениот кадар. Студентите се охрабрени да учат програмирање, исто како и наставниот кадар што помага во обработката на истражувачките податоци што е интегрален дел и на наставата (поточно учењето) како што веќе беше објаснето. Сите овие материјали се, исто така, споделени со сите студенти потполно бесплатно). Како што беше спомената, Институтот во секој свој истражувачки проект - кој е комбиниран со застапување и подигање на свеста, значи, автоматски и применет, дури и кога се занимава со фундаментални истражувања и тестирање на основни општествено-политички и филозофски дефиниции - вклучува ставка за надградба на ИТ опремата и производство на истражувачка мобилна алатка која им е достапна на студентите а листата на апликации кои биле или се активни може да се провери во документатцијата, но некои од главните алатки (мобилни алатки) може да се споменат и овде: School of Politics and Critique 2020-22, Avenues of Cooperation 2021-22, Демократски институции - дигитална платформа со мобилна алатка 2022-23, Алијанси за ЕУ алатка 2023-24, Еразмус КА2 ЕИДЕ (2022-2024) кој нуди алатки за понатамошна редовна примена во наставата и истражувањата достапен за научниот кадар но и за студентите.<br>Библиотеката нуди бесплатен пристап до над 2687 наслови во физички облик, и 12,436 иљјади електронски добиени по пат на редовна претплата на SAGE journals, J-Store, MUSE и други ресурси. |
| **Прилози:**<br>**6.2.А. <u>Податоци за просторот со кој располага Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**<br>**6.2.Б. <u>Податоци за опремата со кој располага Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**<br>**6.2.В. <u>Податоци за литературата со кој располага Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>** |

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните / административните служби е соодветно организирана и е во функција на | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на |

| | |
|---|---|
| внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

Академскиот и Еразмус координаторот, како и неговиот асистент и библиотекарот се потполно флексибилни, отворени, респонзивни за потребите на студентите. Со оглед на бројот на студенти (просечно 10 годишно) овој кадар е сосема доволен, а во административните работи учествува и директорот. Каналите на комуникација се на интернет (електронска пошта), а за некои потреби се користат онлајн формулари. Телефонската комуникација засега е непотребна односно без кост-бенефит оправдание и се работи на потполна дигитализација на процесот на комуникација бидејќи персонализираниот приод е сосем изводлив со оглед на бројот на студенти. Секако, за понатаму може да се унапреди постојниот едноставен онлајн модел на комуникација и следење на процесите корисни за студентите, но за сега, достапноста на кадарот и респонзивноста по пат на мејл/телефон комбинирана со индивидуализираниот пристап кон малиот број студенти, овозможува процес на редовна размена, консултација и мониторирање на развојот на студентот. Како што се гледа во приложениот документ, секој вработен на административна позиција, со оглед на работните часови кои го овозможуваат тоа, е силно охрабрен и поддржан да ги развива своите академски компетенции, така што во административната поддршка е вградена и академската компетенција на кадарот што овозможува похолистички пристап во поддршката на студентите. Кадарот има редовно можност на располагање да ги користи Еразмус можностите за размена преку билатералните договори и во последните години ги има посетено универзитетите во Утрехт, Атина, Белград и други.

**Прилози:**

**6.3.А. <u>Правилник за студирање втор циклус студии ИОХН-Скопје</u> (Член 31 и Член 32)**
**6.3.Б. <u>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/администаривните служби</u>**
**6.3.В. <u>Листа на кадар вклучен во Еразмус + програма</u>**

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Студентите се редовно вклучени во истражувачките проекти на институтот, како што веќе објаснивме, а нивното ангажирање се одвива по пат на внатрешени повици кон студентите кои се поканети да учествуваат во квантитативните и квалитативните теренски истражувања (за што се најчесто наградени со отпишување трошоци за семестар, и други форми на поттик и награда, и ова се однесува само на проектите кои подразбираат многу време и напор). Во изминатите години најмалку по 5 студенти биле ангажирани во секое истражување кое подразбирало квантитативни анализи, и најмалку по 2 во квалитативните (интервјуа, фокус групи и сл.). Во сите проекти кои имале форма на научен симпозиум (работилници наменети за истражување и длабинска дискусија) студентите биле поттикнати да учествуваат и учествувале, за што потврда се листите на учесници по проекти (од Школа за политика и критика до ЕИДЕ - листите се за жал во архиви, тие проекти се одамна завршени).

**Прилози:**

**6.4.А. <u>Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект</u>**

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години; |

<table>
<tr><td>и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др.</td><td>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Можностите поврзани со овој индикатор се адаптирани на реалноста на нашата институција, односно профилот на студентите. Речиси сите наши постдипломци се веќе вработени или во граѓанскиот сектор или во јавниот сектор, мал број во компании и еден дел во креативните индустрии. Разговорите за поддршка во кариерен односно академски развој се одвиваат неформално и по пат на советување со нивниот професор по избор а некогаш и со Академскиот координатор. Лицето кој е академски координатор е и координатор за кариерен развој и обврската на ова лице е доколку не може да даде доволно поддршка со поопшти совети да упати на сесии со професорите, кои имаат менторски пристап во овој процес. Сметаме дека за овој профил на оформени возрасни студенти не е потребен центар за кариерен развој во преробусна форма, и секако не како што постојат на големите универзитети со додипломски студии. Сепак еден аспект од функцијата на таквиот центар е понуден и првенствено се однесува на советувања кои се комбинација од кариерна и академска поддршка/совет за понатамошна надградба. Во сите обиди на студентите да продолжат со докторски студии на истакнати институции во Европа, целиот кадар, а не само административниот, прави проактивни напори да ги препорача своите магистрирани студенти и да се заложи за нивен упис на универзитети во Австрија, Германија, Шпанија итн. Она што може да го воведе Институтот е психолошка поддршка за студентите бидејќи како дел од ННС вклучува и психолози и психотерапевти кои во нивниот договор за работа може да се задолжат и со оваа обврска - но на некое неформално ниво. Нашиот кадар го нуди и тоа дури и сега.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br><br><u>6.5.А. Извештај за поддршка на постдипломски студенти од страна на Институтот за општествени и хуманистички науки, Скопје</u></td></tr>
<tr><td>6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти.</td><td>Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Институтот има иницирано креирање на Алумни заедница, има и листа на магистрирани студенти, а постои и посебна секција на сајтот каде би се претставувал напредокот на Алумни заедницата (во моментов е пополнет само делот со странските студенти кои оствариле истражувачки престој во Институтот), и само мал дел од алумните кои го поминале целиот студиски циклус кај нас. Во прилог е препораката како да се доврши и добие повратна информација за нашите Алумни и како да се охрабрат да се самоорганизираат. Во меѓувреме, како што стои во препораката, Институтот ја одржува и надградува листата на веб страницата, и овозможува контекст во кои се очекува алумни себеорганизирањето да отпочне во периодот на наредните 3-4 години (документ: Препораки кон алумни заедницата)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>6.6.А. <u>Список на членови на Алумни заедницата на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u><br><u>6.6.Б. Препораки до Алумни заедницата на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u></td></tr>
<tr><td>6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет.</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години.</td></tr>
</table>

| |
|---|
| Со оглед на профилот и бројот на нашите студенти не функционира активно и конвенционално студентско собрание туку неформален пленум на студенти, кој оддолу-нагоре ги изложува своите барања и залагања. Сите услови за функционирање на Пленумот се овозможени а буџетот се овозможува по потреба. Годишно не се активни повеќе од 15 студенти (вклучувајќи и од претходните генерации) а со оглед на тоа дека вкупните студии чинат 1050 евра годишно, без никакви дополнителни трошоци, и се само постдипломски, повеќето едногодишни, ваква потреба ретко се јавува. ННС на Институтот го смета организирањето на студентите за нивен автономен акт и не ги поседува нвините документи за избори и сл. Конечно, станува збор за неформален пленум. Актот на формирање на пленумот се случува во 2014 (документ за ова е емаил преписката од пленумските средби во тој период). |
| **Прилози:**<br>**6.7.А. <u>Статут на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**<br>**6.7.Б. <u>Акт за прогласување пленум</u>**<br>**6.7.В. <u>Правилник за студирање на ИОХН, Скопје</u>** |

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање; Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |
| Институтот редовно ги известува студентите за можностите да се вклучат во определена програма, од видот на академски настани или проект, како и за можностите да ги искористат Еразмус и другите шеми на размена. Поканите за настани се редовна појава.Средствата на outreach (комуникација со цел запознавање со можностите) се: објави на веб страни, објави на социјалните мрежи, дизајнирани и анимирани визуелизации, но секако и печатени флаери и сл. Каналите за запознавање со услугите и можностите се мошне активни и ажурирани со секој нов наслов што ја збогатил библиотеката или со секоја нова ИТ апликација од проект која може да им послужи и на студентите во нивниот академски развој. | |
| **Прилози:**<br>**6.8.А. <u>Брошура - Постдипломски студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**<br>**6.8.Б. <u>Флаери за постдипломските студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**<br>**6.8.В. <u>Линк до групата на софијалната мрежа Facebook за последипломци на постдипломските студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**<br>**6.8.Г. <u>Линк до официјалниот профил на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје на социјалната мрежа Facebook</u>**<br>**6.8.Д. <u>Линк до промо материјалите за настаните организирани од страна на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**<br>**6.8.Ѓ. <u>Видео материјали за посдипломските студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**<br>**6.8.Е. <u>Видео материјали од отворени предавања во рамки на постдипломските студии како и видео материјали од конференции, семинари и симпозиуми организирани од страна на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје</u>**<br>**6.8.Ж. Брошура за промоција на студиите на политики на англиски јазик - <u>A brochure of the MA study programs offered by the Institute</u>** | |

**Стандард 7**

| **СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ** | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
